**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 11.09.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4186 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 5 до 11 август 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 септември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*).

   - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (бр.01-2265/1 од 03.05.2018 година).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран по службена должност врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 5 до 11 август 2019 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела).*

Во програмскиот концепт, составен дел на Дозволата за телевизиско емитување бр.08-179 од 29.03.2018 година, Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје се обврзало:

- да биде програмски сервис со претежно забавен општ формат;
- говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик; а

- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да биде 85 часа.

Според Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, ова се и критериумите за надзор на програмскиот концепт на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје , што се вреднуваат на следниов начин: форматот на сервисот – 70%, јазикот на емитување на програмата – 25% и застапеноста на сопствената програма на неделно ниво – 5%.

**А.** Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник бр. 172/2014), форматите на телевизиските програмски сервиси се определуваат врз основа на застапеноста на видовите аудиовизуелни програми и медиумските функции (информативна, образовна или забавна) што тие ги исполнуваат во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација[1] (член 3 од Правилникот).

Телевизиските програмски сервиси од општ формат мора да содржат најмалку 5 (пет) од видовите аудиовизуелни програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, и можат да бидат со сите три медиумски функции или претежно со една медиумска функција (член 5 од Правилникот).

Кај телевизискиот програмски сервис од општ формат, во кој застапените видови програми претежно исполнуваат една од трите медиумски функции, функцијата што претежно се исполнува не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65%, а останатиот дел од програмата го сочинуваат програми што ги исполнуваат другите две медиумски функции, при што ниту една од овие две функции не смее да биде застапена со помалку од 5% во вкупната емитувана програма во текот на една седмица (член 7 од Правилникот).

Во случајов на 1 ТВ, согласно избраниот формат (сервис со претежно забавен општ формат), видовите програми со претежно забавна функција не смеат да бидат застапени со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во програмата што подлежи на класификација во текот на една седмица.

Во програмскиот концепт телевизијата пријавила дека ќе емитува 10 видови аудиовизуелни програми и дека структурата на неделната програма според медиумските функции ќе биде:

- 44.09% - застапеност на аудиовизуелни програми со информативна функција
- 5.33% - застапеност на аудиовизуелни програми со образовна функција
- 50.59% - застапеност на аудиовизуелни програми со забавна функција.

Надзорот врз програмскиот сервис емитуван во неделата од 5 до 11 август 2019 година, покажа дека радиодифузерот беше во рамки на форматот утврден во програмскиот концепт кој е составен дел на дозволата за телевизиско емитување.

[1] Според точка 17 од Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми (Службен весник бр. 171/2014) на класификација не подлежат: аудиовизуелни комерцијални комуникации, објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски служби и проповеди, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.

Според медиумските функции што ги исполнуваа емитуваните 12 видови програми, структурата на неделната програма беше:

- 21,36% - застапеност на аудиовизуелни програми со информативна функција;
- 13,96% - застапеност на аудиовизуелни програми со образовна функција;
- 64,53% - застапеност на аудиовизуелни програми со забавна функција.

Оттука, во согласност со точката 12 од *Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт*, доделени се 70 бодови за критериумот - исполнување на форматот.

**Б.** Со анализата на неделната програма беше утврдено дека 1 ТВ ја емитуваше програмата на македонски јазик, оттаму доделени ѝ се 25 бодови за критериумот – јазик на емитување.

**В.** Во анализираната недела, 1 ТВ емитуваше 61 час 59 минути и 8 секунди програма создадена по иницијатива и во организација на самиот радиодифузер, како и 29 часа 22 минути и 12 секунди програма создадена по нарачка на радиодифузерот (нарачана продукција), односно вкупно 91 час 21 минута и 20 секунди сопствена програма. Имајќи предвид дека медиумот во програмскиот концепт пријавил дека ќе емитува 85 часа сопствена програма, доделени му се 5 бода за критериумот – застапеност на сопствена програма.

| **Критериуми за надзор** | **можни бодови** | **доделени бодови** | **% од концептот** |
|---|---|---|---|
| Формат | 70 | 70 | 70% |
| Јазик | 25 | 25 | 25% |
| Сопствена програма | 5 | 5 | 5% |
| **Вкупно** | **100** | **100** | **100%** |

Според наодите од надзорот врз исполнувањето на програмскиот концепт, а имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во *Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт*, може да се констатира дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во седмицата од 5 до 11 август 2019 година, го исполнуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за телевизиско емитување.

**8. Опис на прекршувањето: /**

## 9. Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***